# Предизборен обид

Педи Ешдаун (Paddy Ashdown) има либерален однос кон ИНТЕРНЕТ, но и одредени строги погледи за дигиталната демократија.

Лидерот на Либералните демократи е поранешен кралски морнарски офицер, што се забележува на неговиот изглед. Луѓето кои го сретнуваат Педи Ешдаун за прв пат, зборуваат за неговите весели но челични очи, неговиот како нож остар начин на зборување и се наоѓаат себе си како ги чистат од прашина своите веќе исчистени чевли веднаш штом тој ќе им го заврти грбот. Јас би додал уште една работа на оваа листа. Кога сте во присуство на Педи, добивате непогрешливо чувство дека времето е пари и дека ништо и никој не може да му го наруши овој цврст распоред.

Токму сега имам чувство дека тој мисли јас сум од "жолтиот печат" и доаѓам да го прашам за условите на одгледување рози во неговата изборна единица, Yeovil. Меѓутоа, на зборот Интернет госп. Ешдаун очигледно се олабави, а истото го сторив и јас.

Со свој сопствен пристап, Педи Ешдаун, веќе една декада напредува во знаењето на информацискиот суперавтопат, и како во многу други неговата преданост кон ова револуционерно средство за комуникација беше иницирана сосема случајно.

Во средината на 80-тите години, "Првпат го слушнав зборот Интернет" од луѓе академици и истражувачи и веднаш јас се претплатив на една иновација, што сега ја знаеме како e-mail - систем наречен Океанска пошта. Иако таа беше неверојатно бавна за денешни стандарди, ми беше од голема помош во предизборниот период кога бев повторно избран за член на Парламентот од Yeovil во 1987 и за време на понудата да раководам следната година.

"Оттогаш, секако, јас ги надградив моите можности. Моментално сум член на CIX и пишувам секој ден без исклучок. Секоја електронска пошта што доаѓа во мојата канцеларија, се обработува на истиот ефикасен начин како и обичната пошта. Горд сум затоа што ова е област каде Либералните демократи ги победуваат нашите противници т.е. им ги врзуваат рацете. Секој може да ми испрати писмо по електронска пошта на следнава адреса: paddy ashdown@cux.compulink.co.uk. Луѓето не можат да го сторат тоа со Џон Мејџор и Тони Блер, но се осмелувам да кажам дека моите десни почитувани противници ќе го сторат тоа. Впрочем, тие ќе бидат присилени на тоа ако сакаат да останат во трката. На крајот на краиштата, политиката е прво и пред сè - комуникација."

Како и најголемиот број политичари, Педи Ешдаун ужива да дава предвидувачки забелешки. Тој јасно чувствува дека е созреано времето суперавтопатот да биде ставен во својот историски контекст. "Погледнете назад во историјта и прво ќе ја видите аграрната револуција, потоа ја имавме индустриската револуција. Сега сме на прагот на третата голема револуција - информациската револуција - којашто ќе го трансформира домот и работното место, нашата економија, нашето општество и рамнотежата на светската сила - исто како што направија минатите револуции."

"Во информационата ера, едно напредно општество ќе разбере дека способностите, сознанијата и идеите - што Јапонците ги викаат злато во нашите глави - се нејзиниот најважен економски извор. Советниците за менаџмент сега зборуваат за умови, а не за раце што треба да се изнајмат и создаваат слика на Британија управувана од едно централно место од каде што се договара изведба на проекти со мали претпријатија и индивидуалци коишто заедно делуваат како вистински компании.

Сè ова е многу добро, но што госп. Ешдаун мисли за оние кои предвидуваат понејасно сценарио; каде новата генерација дигитални ловци-собирачи ќе се чувствува општествено изолирана или затворена дома?

Тој нема време за таков негативен поглед.

"Претпоставката дека луѓето треба да живеат на едно место и да работаат на друго е глупост! Овој начин на живот претставува норма од времето на индустриската револуција.

Не гледам ништо опасно во неговото враќање, што, според мое мислење, е многу поприродна состојба - местото каде што живееш е исто така место каде што работиш."

Да, но во свет во кој, се вели, дека трошиме премногу време пред телевизиските екрани, нели постои опасност да станеме заробеници на нашите компјутери? Иако Ешдаун признава дека некои луѓе можеби ќе водат VDU - фиксиран живот, тој чувствува дека "повеќето човечки суштества не се такви. Тие се желни за дружење и откако еднаш ќе се реориентираат да живеат и работат на едно место, сè ќе се среди по природен пат."

Ешдаун е во полна сила сега и многу е заинтересиран да ја добие сета корист од дигиталната револуција. "Некои велат дека со овој потенцијал за договарање,

бескрупулозните вработувачи ќе почнат да го експлоатираат независниот сектор. Мојот одговор е да се направи аналогна споредба со средновековната работна пракса."

"Во средниот век имаше робови кои беа без никаква моќ и беа експлоатирани. Од друга страна, имаше и патници, кои одеа од место во место и го изнајмуваа својот труд за добра цена, затоа што се плаќаше знаењето што тие го поседуваа. Мислам дека клучот е во образованието."

"Ако инвестираме во луѓето и нивното знаење, тогаш моделот на патник веројатно не ќе може да доминира. Но, не противречам дека на луѓето им се потребни минимум права за да се заштитат од бескрупулозните вработувачи. Затоа ние, либералните демократи, ја поддржуваме одличната социјална политика на Европскиот парламент."

Зборувањето за Европа го наведе Педи Ешдаун да направи уште една претпоставка. "Се сомневам дека една од следните точки на влијание може да биде електронската парична готовина. Таа има моќ да ги направи ирелевантни конвенционалните вредности и металните пари, па може инцидентно и целата кралска дебата за Европската монетарна заедница исто така да ја направи, комплетно ирелевантна."

Има некои политичари и овде и во странство кои се плашат дека Интернет-от е анархичен и не може да се контролира. Педи Ешдаун не е еден од нив. Во суштина изгледа дека тој ужива во недостатокот на политичката контрола.

"Интернет ја има можноста да ја реставрира вистинската смисла на демократијата. Политичарите мора да имаат храброст да се ослободат малку од својата моќ за да може демократијата да функционира. Колегите во Парламентот ме прашуваат како можат да го водат и контролираат Интернет и јас им велам дека тоа не е можно - и дека не треба ниту да се обидуваат. Факт е дека овој феномен е безгранично поголем од моќта на било која нација. Вие не можете да го контролирате сателитското емитување. Единствена работа што политичарите можат да ја следат се принципите за коишто зборував во неодамнешните говори."

Како и на сите политичари, и на Ешдаун му треба малку време за да елеборира некој проблем. "Првиот и најважен принцип е универзалниот пристап. Ако не сакаме да го поделиме светот со создавање на две нови класи - т.е. на оние кои поседуваат и оние кои не поседуваат информации, мора за секого да создадеме евтини и соодветни места за пристап до Интернет. Следната работа што Владата мора да ја направи е да постави едноставни меѓусебни стандарди, така што секој ќе може лесно да се приклучи на системот. И на крај, иако на последен по значење, е принципот за слобода на информации. Владата како сопственик на огромни банки на податоци, мора да преземе акции и да донесе закон за слобода на информациите. Ова ќе им овозможи на луѓето да проверат какви информации се чуваат за нив. Секако, дали оваа кусогледа и скржава администрација ќе реализира некоја од овие работи, останува да се види".

Моменталната неможност за пристап во Велика Британија е една од "црните овци на госп.Ешдаун. "За Интернет се труби дека е голема либерална форма на нашите времиња, но факт е дека типичниот корисник е на возраст од 25-35, белец, машки пол, образован, од средна класа."

"Две групи, се во опасност да бидат потполно отфрлени. Во трката за поврзување, урбаните средини се поврзуваат, но оние кои живеат во пооддалечените области можат да бидат исклучени од мрежите на иднината. Исто така, има луѓе кои едноставно не можат да учествуваат бидејќи немаат способности за тоа. Некои делови од општеството можат многу добро да ги студираат вртоглавите редови на новите телефонски линии и мултимедиски услуги, но многу од најсиромашните во нашето општество немаат пристап ниту до телефон, а камоли до оптички фибер каблови."

Се разбира, би било неоправдано скапо за секоја Влада да обезбеди компјутер, модем и потребен софтвер за секој дом во земјата. Но за чудо, Ешдаун веќе има некои размислувања и на оваа тема. "Најочигледен и најпрагматичен одговор на овој предизвик е да се концентрира на места каде пристапот е веќе универзален и слободен - како училиштата, факултетите, хируршките сали и библиотеките - и да се основаат јавни пристапни места до нив. Тековната американска администрација може да ни покаже една или две работи во оваа смисла - концептот на јавни места за пристап е еден од камен темелниците на нивната национална информативна инфраструктура. Ние треба да ја прифатиме оваа обврска исто така; тие нема да се појават како од магично стапче со работата на слободниот пазар."

"Ако се поврзат сите британски библиотеки, тогаш секој кој сака да започне свој сопствен бизнис, на пример, ќе може да добие информација и да даде совет за сè почнувајќи од уредбите за локално планирање, па сè до националните закони за даночни обврски."

Колку што се важни локалните библиотеки, исто толку важна за визијата на иднината, е националната библиотека на земјата, во која Ешдаун цврсто ги има вперено своите погледи.

"Нашите викторијански предци беа големи колекционери и институциите како Британскиот музеј и неговата сестра, библиотека стојат како тестамент на тоа достигнување.

"Мојот милениумски проект вклучува нова инфраструктура за 21-от век и за ерата на информации. Сакам да видам еден електронски британски музеј; најголемата светска компјутеризирана банка на информации и знаење, до која секој британец ќе има пристап. И бидејќи глобалниот јазик на информационата ера е англискиот, новиот британски музеј нема да биде само голема национална предност, туку и ресурс што ние ќе можеме да му го продаваме на светот."

*Internet 9, August/95*

*превод: Марија Таневска-Пулиос*